FRONTEX

ПРОГРАМА ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ЕУ

# ПОМОШ ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА НА МИГРАНТИ

во рамките на Програмата за реинтеграција на ЕУ



МАКЕДОНСКА ВЕРЗИЈА

## Ние сме тука да ве поддржиме

Европски центар за технологија и обуки

LIFE Makers EGYPT

caritas international.be

WELDO Rebuilding Lives

IRARA

# КОИ СЕ ПРИДОБИВКИТЕ ОД ДОБРОВОЛНОТО ВРАЌАЊЕ?

**Разбираме дека враќањето во вашата земја на потекло може да биде тешко. Ние сме тука да ве поддржиме. Можеме да ви помогнеме да се подготвите за патувањето и да ве информираме за можностите што ги имате откако ќе пристигнете.**

Ако сте решиле доброволно да се вратите или сте добиле одлука за враќање од националните власти на земјата членка, можеби ги исполнувате условите да добиете помош за повторно интегрирање во општеството на вашата матична земја. Фронтекс, Европската агенција за гранична и крајбрежна стража, има развиено програма наречена **Програма за реинтеграција на ЕУ**, која соработува со граѓански организации во вашата земја. Овие организации имаат искуство со понуда на помош за реинтеграција и се подготвени да ве поддржат при вашиот нов почеток дома.

**ВРАЌАЊЕТО МОЖЕ ДА ИЗГЛЕДА СЛОЖЕНО. ИСТОТО МОЖЕ ДА ОТВОРИ МНОГУ ПРАШАЊА И ДА СОЗДАДЕ НЕСПОКОЈ. ЗА СИТЕ ВАШИ ПРАШАЊА, НА РАСПОЛАГАЊЕ ВИ СТОИ СПЕЦИЈАЛИЗИРАН ПЕРСОНАЛ КАКО СОВЕТНИЦИ ЗА ВРАЌАЊЕ И РЕИНТЕГРАЦИЈА. ТИЕ ЌЕ ВЕ ВОДАТ НИЗ ПРАВНИТЕ, АДМИНИСТРАТИВНИТЕ И ПСИХОСОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ НА ВРАЌАЊЕ И РЕИНТЕГРАЦИЈА, НАСОЧУВАЈЌИ ВЕ ДА ГИ НАПРАВИТЕ ВИСТИНСКИТЕ ИЗБОРИ ЗА ВАШАТА ИДНИНА.**

Ако ви треба посебна грижа, на пример, ако сте малолетник без придружба или бремена жена, ако сте биле жртва на трговија со луѓе или ако имате медицински проблеми или попреченост или пак заминувате со деца, известете го вашиот советник за враќање и реинтеграција. Советникот ќе се погрижи да се земе предвид секоја релевантна лична состојба или околност за да може подобро да одговара на вашиот специфичен вид на поддршка за реинтеграција.

# ДАЛИ СЕ КВАЛИФИКУВАМ ЗА ПОМОШ ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА?

Може да добиете помош за реинтеграција доколку:

a. **Сè уште не сте добиле конечна негативна одлука** за вашето барање за престој, легален престој или/и меѓународна заштита (азил) и одлучите да се вратите. Во тој случај зборуваме за **доброволно враќање**.

b. **Сте добиле конечна негативна одлука** и/или таканаречена „одлука за враќање“, која одредува рок во кој треба да ја напуштите територијата на земјата членка. Вие сте донеле одлука да се вратите во вашата земја на потекло. Во тој случај зборуваме за доброволно заминување. Националните власти на европската земја во која живеете ќе ве информираат за можноста да добиете помош за реинтеграција и рокот во кој треба да ја напуштите земјата.

**ДОКОЛКУ УЖИВАТЕ ПРАВО НА ПРЕСТОЈ, ЛЕГАЛЕН ПРЕСТОЈ И/ИЛИ МЕЃУНАРОДНА ЗАШТИТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЗЕМЈА ЧЛЕНКА НА ЕУ, НЕ СЕ КВАЛИФИКУВАТЕ ЗА ПОМОШ ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА.**

c. **Сте добиле решение за враќање** , како што е објаснето под точка б и не сте избрале да заминете во предвидениот рок (доброволно заминување). Во овој случај, одлуката за враќање станува извршна, а вие ги прифаќате последиците од враќањето на сила.

**Имајте предвид** дека земјите членки на ЕУ се одговорни да одредат дали ги исполнувате или не условите за помош за реинтеграција, согласно нивното национално законодавство, кога поднесувате барања за Програмата за реинтеграција на ЕУ.

# КАКВИ ВИДОВИ ПОМОШ ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА СЕ ДОСТАПНИ?

Програмата за реинтеграција на ЕУ опфаќа два вида помош:

**Краткорочна помош:** По пристигнувањето, може да ви биде овозможена непосредна поддршка во првите неколку дена во форма на земање од аеродром, краткорочно сместување, медицинска помош, натамошен транспорт, обединување на семејството и ограничена финансиска поддршка.

**Долгорочна помош:** Може да се изработи план за реинтеграција за период до 12 месеци. Вашиот советник за враќање и реинтеграција во земјата домаќин и нашата организација во вашата земја на потекло ќе разговараат со вас за најдобрите опции и ќе се договорат за спроведување откако ќе се вратите во вашата земја на потекло. Примери за долгорочна помош за реинтеграција вклучуваат:

- ДОЛГОРОЧНО ДОМУВАЊЕ И ПОВРЗАНИ ТРОШОЦИ
- РЕДОВНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ
- ОБРАЗОВАНИЕ (УЧИЛИШТЕ И СТРУЧНА ОБУКА)
- СОВЕТУВАЊЕ ЗА РАБОТА И ПОМОШ ЗА ПРИСТАП ДО ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ
- ПОМОШ ПРИ ОСНОВАЊЕ МАЛ БИЗНИС
- ОБЕДИНУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО
- ПРАВНИ КОНСУЛТАЦИИ И АДМИНИСТРАТИВНА ПОДДРШКА
- ПСИХОЛОШКА ПОДДРШКА

Во двата случаи, ќе ви биде обезбедена специјализирана поддршка од партнерот за реинтеграција, кој ќе го следи вашиот план за реинтеграција и исто така може да ви помогне со упатување до други организации.

# ШТО МОЖАМ ДА ОЧЕКУВАМ ОД МОЈОТ СОВЕТНИК ЗА ВРАЌАЊЕ И РЕИНТЕГРАЦИЈА?

За време на сесиите за советување еден на еден со советник за враќање, ќе добиете корисни информации за вашите можности за враќање и опциите за поддршка и помош за реинтеграција. Вашиот советник е обучен да ве поддржува и може да одговори на сите прашања што можеби ги имате. Во секое време може да го прашате вашиот советник за враќање и реинтеграција кои се вашите права во врска со вашето барање. За време на сесијата за советување, можете да побарате преведувач ако не се чувствувате удобно да зборувате на истиот јазик како советникот.

Доколку изразите интерес да добиете помош за реинтеграција, вашиот советник треба да собере важни информации за да го обработи вашето барање. Од вас ќе биде побарано да дадете информации за вашите лични документи, членовите на семејството и нивните можни податоци за контакт и дестинација. Доставените информации ќе се собираат во согласност со законските барања за заштита на податоци. Немојте да се двоумите да го информирате вашиот советник за какви било посебни потреби.

За време на вашето барање ќе биде побарано да пополните формулар и да дадете дозвола на Фронтекс да постапува со вашите лични податоци. Овие информации се потребни за партнерот за реинтеграција да го потврди вашиот идентитет и ќе се користат само за оваа намена, во согласност со европската Општа регулатива за заштита на податоци.

**ЗАБЕЛЕШКИ**

# ШТО МОЖАМ ДА ОЧЕКУВАМ ОД (ЛОКАЛНИОТ) ПАРТНЕР ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА?

Во вашата земја на потекло, партнерот за реинтеграција ќе се грижи за вашиот случај. Ако сте побарале краткорочна помош, партнерот може да ве пречека на аеродромот и да ве поддржи со најитните потреби. Доколку сте избрале да добивате помош и на подолг период, нашиот партнер за реинтеграција ќе остане во контакт со вас, а вие имате можност да добиете одговори на вашите прашања. Секогаш сте добредојдени да го контактирате нашиот партнер. Ве молиме бидете проактивни при контактирање на партнерот за реинтеграција во случај на какви било прашања или сомнежи.

## ВАЖНО Е ДА СЕ ЗАБЕЛЕЖИ:

Партнерот за реинтеграција или неговите локални партнери ќе ви помогнат во текот на работното време.

Навредливо и/или несоодветно однесување кон партнерот за реинтеграција или локален партнер е неприфатливо.

Партнерот за реинтеграција не може да ги реши сите проблеми со кои може да се соочите; тие се ограничени на испорачување на помошта што беше договорена претходно.

Потребен ви е документ за идентификација за да го започнете барањето.

Треба да го потпишете формуларот за согласност за да го завршите процесот на поднесување барање.

## КОНТАКТИРАЈТЕ СО ПАРТНЕРОТ ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА ВО ВАШАТА ЗЕМЈА

Сите информации може да се најдат на следната веб-страница →




FPI-23.0027